Сектор за инспекциски надзор,
Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор

ИП1број 24-221
од 19.5.2026 година

Записник за извршен вонреден инспекциски надзор
(за сторен прекршок)

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 19.5.2026 година со почеток во 9:30 часот.

На 19.5.2026 година од страна на Општина Штип, Сектор за инспекциски надзор, Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор, преку Лазар Хаџи-Николов, општински комунален инспектор со службена значка и легитимација со број 33-0011, изврши вонреден инспекциски надзор над работењето на Д[redacted], со седиште на адреса у[redacted] – [redacted] и ЕМБС[redacted] и ЕДБ [redacted], со одговорно лице во правното лице [redacted] со адреса ул.[redacted].

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Наредба бр.09-3631/1 од 19.5.2026 година од градоначалникот на Општина Штип за заеднички инспекциски надзор кој треба да се спроведе од страна на општински инспектор за животна средина Влатко Панов, општински градежен инспектор Весна Зенделова и општински комунален инспектор Лазар Хаџи-Николов, со цел да се инспектира постапување на субјект на надзор за кој постојат основи на сомнеење дека од градилиште одлага отпад на јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3 и согласно изворната надлежност на општинскиот комунален инспектор, инспекцискиот надзор е извршен со цел да се провери дали субјектот на надзор постапува согласно одредбата од член 14-а од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024).

При инспекцискиот надзор беа присутни: општински инспектор за животна средина Влатко Панов, општински градежен инспектор Весна Зенделова, Ана Давидкова – општински инспектор за домување, [redacted] вработен во [redacted] Штип, [redacted] сопственик на правното лице кое е субјект на надзор Друштво за градежништво, трговија и услуги [redacted] експорт-импорт Скопје, [redacted] управител на [redacted] ДООЕЛ Штип и [redacted] управител на [redacted] увоз-извоз Штиг.

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ДА **НЕ**
(при вонреден инспекциски надзор не се употребуваат листи за проверка)

При вонредниот инспекциски надзор инспекторот се легитимираше со службена значка и легитимација.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):

На ден 19.5.2026 година со почеток во 9:30 часот со цел да се изврши заеднички инспекциски надзор од страна на општински инспектор за животна средина Влатко Панов, општински градежен инспектор Весна Зенделова и општински комунален инспектор Лазар Хаџи-Николов согласно Наредба бр.09-3631/1 од 19.5.2026 година од градоначалникот на Општина Штип се пристапи на самото место - јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3 каде се утврди дека непосредно до тротоарот од сообраќајницата, на зелена јавна површина оставен е градежен шут (градежен материјал) сочинет од остатоци од гибс-картон, амбалажа од градежен материјал, ПВЦ цевки за канализација и др.

Врз основа на констатираното од увидот на самото место, општинскиот градежен инспектор Весна Зенделова истакна дека согласно законската регулатива врз чија основа има изворна надлежност да постапува општински градежен инспектор во конкретниов случај нема изворна надлежност да постапува, па во координација со општинскиот инспектор за животна средина и општинскиот комунален инспектор се заклучи дека заеднички вонреден инспекциски надзор ќе спроведат општинскиот комунален инспектор и инспекторот за животна средина.

По констатираното на ул. Борис Крајгер (КП 3004/3 од КО Штип 3), се пристапи на градилиштето кое се наоѓа на истата улица во непосредна близина на оставениот градежен отпад, а во момент на надзорот се вршеа градежни активности во фаза – уредување на партер пред колективна станбена зграда во тек на изградба.

На самото место се затекнаа лица кои се легитимираа како [redacted] вработен во [redacted] ДООЕЛ Штип - инвеститор на градбата [redacted] сопственик на правното лице [redacted] Скопје во својство на изведувач на градбата.

Од страна на лицето [redacted] се истакна дека градежниот шут на КП 3004/3 од КО Штип 3 потекнува од градежниот процес на предметната колективна станбена зграда, но дека тие како инвеститори го немаат одложено истиот на јавна површина.

Лицето [redacted] истакна дека градежниот шут е создаден како резултат на изведба на градежни, градежно – занаетчиски работи во градбата од страна на повеќе подизведувачи на различни фази (молерај, вградување на ламинат и др.), а дека тој не знае од кој точно градежниот шут е оставен на јавна површина, по што истиот замина од самото место.

На самата локација пристигна лице кое се легитимираше како [redacted], управител на [redacted] Штип правното лице инвеститор на градбата. Од истото лице, општинскиот комунален инспектор побара да се достави на увид за потребите на инспекцискиот надзор тековна состојба за инвеститорот и договор за изведба на градежни работи од кој може да се утврди кој е изведувач на градбата и договор склучен со евентуални подизведувачи доколку таков постои. Беше побарано потребната документација да се достави електронски, по што се заврши увидот на самото место како доказно средство, и се најави дека инспекцискиот надзор со прибирање и изведување на докази за потребите на постапката преку земање на искази и сослушување на странки (свидетели) и

претставници од субјектот на надзор кога истиот ќе се утврди, ќе продолжи во службените простории на инспекциската служба (Општина Штип).

Во 11:38 ч. од страна на лицето [redacted] од телефонски број +389 [redacted] преку мобилна апликација „Viber" на општинскиот комунален инспектор му се достави Техничка состојба бр.0805-50/150720250002195 од 16.6.2025 г. и Договор за изведба на градежни работи склучен на ден 20.2.2024 година помеѓу [redacted] Штип инвеститор и [redacted] – Скопје, од каде се утврди дека [redacted] е изведувач на предметната градба која се изведува на КП 2[redacted] КО Штип 2.

Во 13:40 часот преку телефонски повик од општински инспектор за животна средина Влатко Панов, општинскиот комунален иснпектор беше повикан и се јави во службената просторија – канцеларијата на општински инспектор за животна средина, каде веќе беа присутни инспекторот за животна средина и лицата [redacted], [redacted] и лице кое се легитимираше како [redacted] управител [redacted] увоз-извоз ШТИП во својство на подизведувач на предметната градба на фаза занаетчиско-молерски работи.

Лицето [redacted] изјави дека дел од констатираниот градежен шут на јавна површина е производ од изведбата на молерско-занаетчиските работи, но дека тие истиот го оставале на самото градилиште, не и на јавна површина.

Управителот на инвеститорот на градбата, лицето [redacted] истакна дека согласно договорено помеѓу инвеститорот на градбата и изведувачот [redacted] експорт-импорт Скопје изведувачот бил должен да го одлага отпадот настанат како резултат на градежниот отпад, а за ова нешто дека како доказ поседува и потврди за уплата на надоместок за извршување на оваа услуга.

По ова се констатираше дека субјект на надзор во конкретната постапка е правното лице Друштво за градежништво, трговија и услуги [redacted] експорт-импорт Скопје.

Од страна на претставникот на субјектот на надзор се истакна дека доколку биде изречена глоба согласни се да прифатат порамнување за истата и да ја платат во даденот рок во износ од половина од изречената глоба и дека оставениот градежен шут ќе го отстранат од јавната површина.

Со ова дејствие, заврши сослушувањето на странките.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

Се констатираше дека субјектот на надзор Друштво за градежништво, трговија и услуги [redacted] експорт-импорт Скопје, со тоа што од градилиште на јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3, на зелена јавна површина оставил градежен шут (градежен материјал) сочинет од остатоци од гибс-картон, амбалажа од градежен материјал, ПВЦ цевки за канализација и др. сторил повреда на одредбата од член 14-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024) согласно која е предвидено дека Заради обезбедување на јавна чистота на јавни површини е забрането: - фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут).

Во координација помеѓу општинскиот комунален инспектор и општинскиот инспектор за животна средина се утврди дека инспекциската постапка ќе ја спроведе и инспекциска мерка ќе изрече

општинскиот комунален инспектор затоа што со истото ќе биде остварена целта на инспекциската постапка.

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

Врз основа на погоре наведеното Општинскиот комунален инспектор издаде прекршочен платен налог ИПІбр.24-221 од 19.5.2026 година на субјектот на надзор – правното лице Друштво за градежништво, трговија и усуги [redacted] експорт-импорт Скопје и прекршочен платен налог ИПІбр.24-221 од 19.5.2026 година на одговорното лице во правното лице – [redacted]

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ.

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

_____
_____
_____
_____

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор):

_____

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

_____
_____
_____
_____

Согласно член 65 став 2 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025 и 269/2025) примерок од овој записник се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

Согласно став 3 од истиот член и закон поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не беше можно да се состави записник на местото на

вршење на инспекцискиот надзор, па поради тоа записникот се состави во службените простории на инспекцијата во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 19.5.2026 година во 15:20 часот.

Прилози кон записникот:
- 1 фотографија од самото место.

м-р Лазар Хаџи-Николов,
советник комунален инспектор при Општина Штип
број на службена значка и легитимација 03-0011



ОПШТИНА ШТИП

Број: ИпIБр.24-221
Датум: 19.5.2026 година во 15:00 часот во Штип

Врз основа на член 47 од Закон за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 253/2023), а в.в. 29 став 1 алинеа 3 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025), општинскиот комунален инспектор Лазар Хаџи-Николов издава:

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ
(за правно лице)

А. Податоци за субјект на надзор

Назив:	[redacted] Скопје
ЕДБ: ЕМБС:	[redacted]
[redacted]	[redacted] Центар

Б.Податоци за сторен прекршок

Место, датум и време на сторување на прекршокот:	Јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3, Штип на ден 19.5.2026 година, 9:30 часот, на јавна површина сообраќајници во Штип
Опис на прекршокот:	Се констатираше дека субјектот на надзор Друштво за градежништво, трговија [redacted] Скопје, со тоа што од градилиште на јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3, на зелена јавна површина оставил градежен шут (градежен материјал) сочинет од остатоци од гибс-картон, амбалажа од градежен материјал, ПВЦ цевки за канализација и др. сторил повреда на одредбата од член 14-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024) согласно која е предвидено дека Заради обезбедување на јавна чистота на јавни површини е забрането: - фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут).

Општина Штип ул.„Васил Главинов" бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија
Одделение за друг вид надзор од надлежност на општината, Тел: (032) 22 66 39 Факс: (032) 22 66 01
Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk

Правна квалификација на прекршокот:	Сторен прекршок по член 14-а став 1 алинеа 1 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025).
Записник за сторен прекршок	ИпIБр.24-221 од 19.5.2026 година
Износ на утврдена глоба за прекршокот	1.000 евра во денарска противвредност
Сметка за плаќање на глоба	На ПП-50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95,буџетски корисник 840 174 05220,приходна шифра 722149 00 Цел на дознака: Глоба за сторен прекршок

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во **рок од осум дена од денот** на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспектор што го издал овој платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, **ќе плати само половина** од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум (8) дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, **инспекторат поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.**

Потпис на претставникот на субјектот на надзор		Печат и потпис на инспекторот	Лазар Хаџи-Николов Службена легитимација бр.33-0011
Датум:		Датум:	19.5.2026 година

Општина Штип ул.„Васил Главинов“ бр. 4Б,2000 Штип, Република Северна Македонија
Одделение за друг вид надзор од надлежност на општината, Тел: (032) 22 66 39 Факс: (032) 22 66 01
Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: lazar.hadzi_nikolov@stip.gov.mk

ОПШТИНА ШТИП

Број: ИпІБр.24-221
Датум: 19.5.2026 година во 15:10 часот во Штип

Врз основа на член 47 од Закон за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 253/2023), а в.в. 29 став 1 алинеа 3 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025), општинскиот комунален инспектор Лазар Хаџи-Николов издава:

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за физичко лице – одговорно лице во правно лице)

А. Податоци за субјект на надзор

Назив:	[redacted]
ЕМБГ:	[redacted]
Адреса на живеење:	[redacted]

Б.Податоци за сторен прекршок

Место, датум и време на сторување на прекршокот:	Јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3, Штип на ден 19.5.2026 година, 9:30 часот, на јавна површина сообраќајници во Штип
Опис на прекршокот:	Се констатираше дека субјектот на надзор Друштво за градежништво, трговија и услуги [redacted] Скопје со одговорно лице управител [redacted] со тоа што од градилиште на јавна површина на ул. Борис Крајгер на КП 3004/3 од КО Штип 3, на зелена јавна површина оставил градежен шут градежен материјал) сочинет од остатоци од гибс-картон, амбалажа од градежен материјал, ПВЦ цевки за канализација и др. сторил повреда на одредбата од член 14-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024) согласно која е предвидено дека Заради обезбедување на јавна чистота на јавни површини е забрането: - фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут).

Правна квалификација на прекршокот:	Сторен прекршок по член 14-а став 1 алинеа 1 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021, 255/2024 и 101/2025).
Записник за сторен прекршок	ИпІБр.24-221 од 19.5.2026 година
Износ на утврдена глоба за прекршокот	300 евра во денарска противвредност
Сметка за плаќање на глоба	На ПП-50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95,буџетски корисник 840 174 05220,приходна шифра 722149 00 Цел на дознака: Глоба за сторен прекршок

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во **рок од осум дена од денот** на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспектор што го издал овој платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, **ќе плати само половина** од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум (8) дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, **инспекторат поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.**

Потпис на субјектот на надзор		Печат и потпис на инспекторот	Лазар Хаџи-Николов Службена легитимација бр.33-0011
Датум:		Датум:	19.5.2026 година